# Кратка биографија

Елена Спасовска, родена 1984 година во Скопје, е дипломиран психолог на Институтот за Психологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со повеќегодишно професионално искуство во областа на образованието. Во 2017 година се вработува како психолог во ООУ „Гоце Делчев“-Општина Аеродром, а од јануари 2026 година работниот однос го продолжува во ООУ„Димитар Македонски“-Општина Аеродром, Скопје. Како стручен соработник -психолог во основно училиште, активно работи на поддршка и советување на ученици, родители/старатели и наставници преку индивидуална и групна работа, едукации и превентивни програми, меѓуетничка интеграција и работа со ученици со посебни образовни потреби. Учесник и координатор на проекти поврзани со унапредување на воспитно-образовниот процес. Од мај 2026 година, се стекнува со унапредување во звање стручен соработник -ментор во основно училиште.

Со цел унапредување на својот професионален развој учествува на бројни стручни обуки,едукации, семинари, конференции и програми за поддршка на психо-социјалниот развој на децата и младите организирани Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, УНИЦЕФ и други институции.

Вклучена е во повеќе работни групи и тоа:

-Од септември 2017 година, активен член на Секцијата на училиштни психолози на град Скопје „Психовизија“ (од септември 2025 година назначена е Претседател на Секцијата).

- Дел од тимот за ревидирање на Програмата за советување родители/старатели и ученици, во соработка со БРО, МОН и УНИЦЕФ.

-Член на Комората на психолози и Лиценциран психолог со Општа лиценца за вршење на психолошка дејност.

Гешталт советник од јануари 2024г., во едукација за Гешталт психотерапевт во Гешталт центар „ Аспекти “ – Младен Костиќ.